Врз основа на член 104 став (6) од Законот за животна средина („Службен весник на РМ” бр. 53/05, 81/05), министерот за животна средина и просторно планирање донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ПОБЛИСКИТЕ УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНАТ ЧЛЕНОВИТЕ НА НАУЧНО-ТЕХНИЧКАТА КОМИСИЈА ЗА НАЈДОБРИ ДОСТАПНИ ТЕХНИКИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат поблиските услови кои треба да ги исполнат членовите на Научно-техничката комисија за најдобрите достапни техники (во понатамошниот текст: Комисија) формирана заради определување на најдобрите достапни техники во А - интегрираните еколошки дозволи.

Член 2

За член на Комисијата може да биде назначен експерт кој ги исполнува следните услови:

- да има докажано искуство или практично и техничко познавање за примената на техники и технологии во вршењето на активностите на инсталациите определени во Прилог 1 од Уредбата за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола односно дозвола за усогласување со оперативен план и временски распоред за поднесување на барање за дозвола за усогласување со оперативен план (“Службен Весник на Република Македонија” бр.89/05) ( во понатамошниот текст:Уредба), на начин на кој со нивната примена се обезбедува висок степен на заштита на животната средина;
- да има докажана способност за анализирање на економските аспекти од примената на техниките и технологиите од точка 1од овој член;
- познавање за активностите и инсталациите определени во Уредбата;
- познавање за конкретен индустриски сектор и активноста на инсталацијата од Уредбата, согласно Програмата од член 104 став 4 од Законот за животна средина;
- познавање на законодавството на Република Македонија и стратешките определби на Република Македонија во областа на животната средина;
- познавање на политиката за животна средина на ЕУ;
- систематско познавање на концептот и на механизмите за интегрираното спречување и контрола на загадувањето;
- познавање на англиски јазик;
- способност за работа на компјутер, и
- три препораки од меѓународни или домашни институции/експерти признаени во областа.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 07-2746/1
26 мај 2006 година
Скопје

Министер за животна
средина и просторно планирање,
д-р **Зоран Шапуриќ**, с.р.